Република Северна Македонија

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје, Република Северна Македонија
Agjencia nacionale e programeve arsimore europiane dhe lëvizshmërisë Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Дата Datë 25-12-2024
Бр.Nr. 01-1086/1

# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА
# ВО
# НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ
# ЗА 2025 ГОДИНА

Декември, 2024 година

Бул. Кузман Јосифовски Питу бр.17 - 1000 Скопје
Поштенски фах 796, Република Северна Македонија
Тел: 02 3 109 045, Факс: 02 3 109 043
www.na.org.mk - info@na.org.mk

Erasmus+

ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС

## ВОВЕД

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност („Национална агенција") е агенција со својство на правно лице, јавна установа основана со Закон за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (Службен весник на РМ бр. 113/07, 24/11, 24/13, 41/14, 145/15, 55/16, 64/18 и Службен весник на РСМ бр. 53/24 и 235/24), буџетски корисник од прва линија, регистрирана во Централен регистар на Република Северна Македонија под организационен облик 04.3 – други агенции, берзи и други организации основани со посебен закон, чија цел е промоција и успешно спроведување на европските образовни програми во Република Северна Македонија.

Остварувањето на основната дејност на Националната агенција, (до 2013 година децентрализиран менаџмент на европските образовни програми, вклучувајќи ги Програмата за Доживотно учење и Програмата Млади во акција, а програмата која ги наследи по нивното завршување е индиректен менаџмент и имплементација на европската образовна програма Еразмус+ 2014-2020 и програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус 2021-2027), е утврдена во член 2 став 1 од Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, како и во Водичот за Национални агенции за имплементирање на програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус за 2024 година, а кој се донесува секоја година од страна на Европската комисија - Генерален директорат за образование, млади, спорт и култура.

По одобрувањето на годишната програма за работа на Националната агенција од страна на Европската комисија – Генерален директорат за образование, млади, спорт и култура, се склучува Договор за контрибуција за имплементација на програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус помеѓу Европската комисија – Генерален директорат за образование, млади, спорт и култура и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за тековната година. За секоја тековна година, Националната агенција објавува повик за предлог проекти за Програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус (2021-2027) на Европската комисија на веб страницата на Националната агенција и во два дневни весници на македонски и на албански јазик. Критериумите и начинот за аплицирање се

определени и ќе се спроведуваат во согласност со објавата за предлог проекти за тековната година на Европската комисија во Службен весник на Европската Унија. Сите процедури се одвиваат во софтверската алатка ПММ (project management module).

Преку имплементацијата на програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус во Република Северна Македонија се обезбедува огромна поддршка на образованието, обуката, младите и спортот. Програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус придонесуваат кон надградба на институционалните капацитети како и личен и професионален развој на сите чинители во полето на образованието, обуката, младите и спортот.

Орган на управување на Националната агенција е Управниот одбор. Директорот е раководен орган на Националната агенција тој ја застапува и претставува Националната агенција во нејзиното севкупно работење. Директорот го избира и разрешува Управниот одбор. Директорот на Националната агенција е одговорен за имплементација на целите и активностите на програмите.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупцијата, Националната агенција во рамките на своите законски надлежности, утврди потреба од донесување на годишен План за проценка на ризици од корупција на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

Правна рамка за донесување на годишниот План за проценка на ризици од корупција на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за 2025 година претставува Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (ЗСКСИ) („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19).

## ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈАТА

Спречувањето на корупцијата, на сите нивоа е клуч за успешна антикорупциска политика, но и обврска на државите кои произлегуваат од

Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата и соодветните документи на Советот на Европа на Европската унија. Спречувањето, откривањето и следењето на нерегуларности, измами и корупција е генерална обврска за сите служби на Европската комисија во рамките на нивните дневни активности вклучувајќи и употреба на ресурси.

Поаѓајќи од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, го осиромашува општеството и ја поткопува правната држава и нејзината иднина, неопходно е борбата против ова зло да биде постојана обврска на секој граѓанин.

Во оваа насока, интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, додека со корупција во смисла на Законот за спречување на корупцијата, се подразбира „искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на каква и да било корист за себе или друг", односно секое коруптивно дејство претставува кршење на интегритетот. Концептот на интегритетот е составен дел на системот на доброто владеење. Кога се говори за добро владеење, во основа се мисли на градење и негување не духот на интегритет на лично и на институционално ниво, со што би се поттикнала и би се обезбедила независност, професионалност и отчетност во извршувањето на надлежностите утврдени со законите и со другите прописи. На ниво на една организација, интегритет значи „отпорност кон корупција", додека систем за интегритет го означува збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени.

Поаѓајќи од горенаведеното, Националната агенција, почитувајќи ги начелата на законитост, интегритет, еднаквост, јавност и заштита и одговорност, посебно ставајќи го акцентот врз интегритетот на вработените, нивната стручност и компетентност, има обврска да спречи, открие и да се справи со измами и корупција.

Годишниот план за спречување на корупцијата во Националната агенција е така дизајниран што дејствува првенствено превентивно, односно е насочен кон намалување на ризиците за корупција преку:

- Зголемување на свеста на засегнатите страни кон политиката за нулта толеранција за измами и корупција;

- Идентификување на проекти и апликанти со висок ризик на нерегуларности, измама и корупција;
- Спроведување на издржливи превентивни мерки како и значаен мониторинг со цел да се обезбеди регуларност и квалитет на проектот;
- Брза и ефикасна обработка на релевантните случаи така што ГД-ОК/DG-EAK, ОЛАФ и надлежните национални истражни органи (на пр. полиција, надлежни судски органи) да можат да го разгледаат предметот навремено;
- Заштита на буџетот на ЕУ со суспендирање и вршење на поврат на средства веднаш штом ќе бидат идентификувани, на разумен начин.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова значи не само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи на корупција.

Националната агенција, раководејќи се од својата основна дејност и мисија како и согласно националната регулатива за спречување на корупцијата, како и Договорот за функционирање на Европската унија (Treaty on the functioning of the European Union TFEU) креира антикорупциска политика и тоа:

- Националната агенција не толерира коруптивно однесување односно искористување на функцијата, службената должност и положба за остварување било каква корист за вработениот или негов близок. Исто така, Националната агенција, не толерира било каква друга форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон.
- Директорот и раководителите на сектори и одделенија се одговорни за проценка и отстранување на разиците кои што придонесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање на повластен третман или каква било друга форма на неетичко и незаконско однесување.
- Административните службеници се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување, да бидат лојални кон институцијата, да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за угледот на институцијата во јавност во секое време.

- Вработените се должни да пријават било какво коруптивно однесување на начин пропишан во Процедурата за начинот на спроведување на постапката за спречување на неправилности и измама, како и формата, содржината, роковите и начинот на прием на пријави за неправилности и измами во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност заведена со арх. бр. 01-607/1 од 26.04.2022 година

Антикорупцискиот план на Националната агенција има за цел да воспостави систем на мерки што ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, на условите и на факторите што ја овозможуваат. Посебен акцент во справувањето со корупцијата во 2025 година ќе биде ставен во подобрување на вештините на професионалниот и унапредување на интегритетот на личноста на вработените од кои се очекува при извршувањето на задачите од своите работни места да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитет, решителност и чесност и да работат во полза на јавниот интерес и на зголемување на довербата во јавноста како и во процесот на имплементација на проектниот циклус на програмите Еразмус+ и Европски солидаерн корпус. Обврска на сите вработени е при извршувањето на работните задачи да постапуваат согласно правилата, прописите и професионалните стандарди што се применуваат во Националната агенција.

## ПРОЦЕНКА КОН РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА

Корупцијата се манифестира низ разни форми што нужно бара од земјите и од меѓународната заедница во целина да изградат подобри и поефикасни методи и инструменти за нејзино сузбивање. Една од главните задачи на Националната агенција во 2025 година ќе биде навремено препознавање на ризиците од корупција, предлагање соодветни мерки за отстранување на ризици и санкционирање на сторителите. Раководството на Националната агеница ќе одговори на потребата да изнајде соодветен и ефикасен начин за справување со корупцијата во сопствените редови.

Со годишниот план се утврдени областите каде најчесто постои ризик за појава на корупција и тоа:

- Постапките за вработување,

- Постапките за јавни набавки,
- Процеси на доделување на проекти од програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус,
- Внатрешните процеси, системи и ресурси на институцијата.

Подолу се изнесени основните поими утврдени со Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

**Под корупција** се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

**Поимот корупција**, во смисла на законот ги опфаќа и поимите на:

- **Пасивна корупција** – намерно делување на службено лице кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и
- **Активна корупција** – намерно делување на кое било лице кое директно или посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице за него или за трето лице со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги изврши неговите надлежности спротивно на службените обврски

**Под судир на интереси** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Службеното лице** е вработено или ангажирано лице во Националната агенција кое во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да ги преземе сите неопходни мерки за негово одбегнување. Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

**Под поимот Ризик од корупција** согласно Законот за спречувње на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст: ЗСКСИ) се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува

можност за појава на корупција во рамките на државните органи, или други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Под поимот Интегритет** се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентното вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

**Под поимот Јавен интерес** се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, зашита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

**Поимот Јавно овластување** подразбира овластување, пренесено од страна на државната или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес. Под поимот Службена должност се подразбира збирот на обрски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице. Службени лица се сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

**Непотизам** претставува фаворизирање роднини или пријатели при доделување на функции и почести без притоа да се води сметка за стручноста. Непотизмот подразбира и злоупотреба на службената или политичката или друга моќ за доведување роднини на привлечни и влијателни функции. Согласно ЗСКСИ предвидена е забрана на влијание за вработување блиски роднини. Имено, службеното лице не смее да врши влијание за вработување или унапредувње на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано или во друг државен орган

или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал. Истото е должно да ја извести Државната комисија за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена од денот на извршениот избор.

**Дискреционите овластувања и донесувањето на дискрециони одлуки** постојат во оние случаи кога во прописите одредено прашање за кое треба да се одлучува не е уредено или кога во прописите е содржан збор кој му остава простор на функционерот или службеникот да избере дали ќе донесе одреден акт или не, или избор на одредена алтернатива. Како пример би ги посочиле зборовите може, цени, односно и сл. Согласно ЗСКСИ предвидено е дека во вршењето на дискреционите овластувања секое службено лице е должно одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост. Согласно законот за вработени во јавниот сектор (ЗВЈС) – вработените во јавниот сектор работите и работните задачи ги вршат политички непристрасно, без влијание на своите политички уверувања и лични финансиски интереси.

Со цел намалување на неправилности, измами и корупција, Националната агенција врши годишна проценка на ризици. Нерегуларностите и ризикот за измама се проценуваат врз основа на внатрешните ревизорски извештаи, извештаите на примарни проверки, мислења од Меѓународното ревизорско тело (IAB), ревизии на Комисијата и на Судот на ревизори и друго. Националната агенција ги користи следните алатки со цел спречување неправилности, измами и корупција:

- соодветна внатрешна процедура и контрола;
- обука на вработени;
- внатрешна и надворешна комуникација;
- преглед на етичките правила;
- преглед на сегрегацијата на задачи во Националната агенција;
- работење со соодветни ИТ алатки и база на податоци (на пр. ЕДЕС/EDES);
- соработка со останати Национални агенции;

– зголемување на перцепцијата за откривање на неправилности и измама и друго.

## ПРИЧИНИ, УСЛОВИ И ФАКТОРИ ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Законот за спречување корупција и судир на интереси (член 8, став 5), поимот „ризик од корупција" го дефинира каков било вид на внатрешна или надворешна слабост или процес што може да претставува можност за појава на корупција во државните тела, јавните претпријатија и други институции од јавниот сектор, што вклучува и прашања како што се судир на интереси, некомпатибилност на функциите, примање подароци и други недозволени плаќања, лобирање, немање систем за заштита на укажувачите, измама, несоодветно користење на овластувања, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на законот, трговија со информации и нивно неовластено користење, транспаретност на процедурите и документите и други прашања кои се релевантни за интегритетот.

Во најширока смисла на зборот, корупција е искористување на службената положба за приватни цели. Ова значи дека кога постои корупција вршењето на јавни овастувања и работи од јавен интерес добива карактер на вршење определени услуги само за оние граѓани што можат да ги платат или во смисла на законот подразбира „искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист зе себе или за друг". Праксата кај нас досега покажувала дека вработените строго ги почитуваат начелата кои ги содржи законот, како што се: начелата на законитост, интегритет, јавност и заштита и одговорност, што е индикатор дека службениците на Националната агенција може да препознаат и да се справат со можноста за пробивање на корупцијата во делокругот на работењето.

Врз анализа направена на факторите на ризици во делокругот на работата и општо во системот на Националната агенција, постојат повеќе области каде што е можна појава на корупција. Главен акцент во антикорупцискиот план е ставен на вработените и раководството, согласно тоа, Националната агенција има приоритетни цели во антикорупциската активност каде се наведени: јакнење на интегритетот на вработените во Националната агенција; почитување на Кодексот

за административни службеници и законските прописи; меѓуинституционална соработка во борба против корупцијата и криминалот преку платформата за интероперабилност; спроведување процена за ризик од појава на корупција на работните места; професионализација, департизација и деполитизација на вработените; континурана и специјализирана обука во Националната агенција; преземање превентивни активности кон нововработените службеници; зајакнување на меѓународната соработка во борба против корупција со кои се очекува дека ќе дават резултат како и извршување на задачите професионално согласно законите, прописите и интерните процеси.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ДЕТЕКТИРАНИТЕ РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ

Корупцијата има широк спектар на штетни ефекти врз општеството. Таа ги поткопува демократијата и владеењето на правото, го загрозува квалитетот на животот, може да предизвика појава на сериозен криминал и закани за безбедноста на целокупната општествена заедница.

Како алатки и механизми за надминување на детектираните ризични области, односно намалување на можностите и создавање неповолни услови за извршување коруптивни дела, Националната агенција за ефикасна борба против корупцијата подеднакво ги има: нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработка меѓу институциите.

Националната агенција во актикорупциските активности за проценка на ризици од корупција ги опфаќа постапките за вработување, постапките за јавни набавки, процесот на имплементација на проектниот циклус на програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус, процесот на финансиско управување, контрола и постапки за преземање на мерки против неправилности и измами и внатрешните процеси, системи и ресурси на институцијата.

### 1. ПОСТАПКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Интегритетот во работењето на вработените на Националната агенција претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките

вредности. Истиот, може да се разгледува како интегритет на индивидуите и интегритет на институцијата. Воедно, интегритетот поттикнува и обезбедува независност, професионалност и отчетност во изршувањето на надлежностите утврдени со законите и со другите прописи.

На ниво на една организација, интегритет значи „отпорност кон корупција", додека систем на интегритет го означува збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени.

На лично ниво, интегритетот значи поседување знаења и вештини, но и личен етички капацитет, решителност и професионалност да се почитуваат воспоставените правила и практики и секогаш да се работи во полза на јавниот интерес, да се одбегнува можниот судир на интереси и да не се придонесува за создавање негативни и штетни услови и околности во работењето. Затоа, поаѓајќи од ова, Националната агенција во антикорупциските активности го има истакнато јакнењето на интегритетот на вработените поготово во процесот на вработување и ангажирање на лица.

Заради спречување на корупција и судир на интереси, во спроведување на постапките за вработување ќе се почитуваат следните начела:

- Начело на законитост – вработените во Националната агенција ги вршат работите и работните задачи во согласност со устав, закон и други подзаконски акти како во согласност со Водичите за имплементирање на програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус донесени од страна на Европската комисија согласно склучените договори помеѓу Европската комисија и Националната агенција.
- Начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност – согласно со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, Националната агенција има обврска слободните работните места и условите за нивно пополнување да ги огласува преку интерен односно јавен конкурс.
- Начело на стручност и компетентност – врботувањето во Националната агенција се врши преку објавување на јавен конкурс, при транспарентна,

фер и конкурентна постапка на селекција се избира најстручниот и најкомпететниот кандидат за работното место.

- Начело на управување со ефектот на вработените – Националната агенција управувањето со ефектот на вработените преку негово контуинирано следење и оценување и предлагање на мерки за негово подобрување го врши согласно Законот за административни службеници.
- Начело на сервисна ориентираност – вработените во Националната агенција работите и работните задачи ги вршат квалитетно, одговорно, стручно, навремено и совесно, согласно со правилата на професијата и роковите и постапките согласност со закон за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Водичите за имплементирање на програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус донесени од страна на Европската комисија како и други применливи закони и подзаконски акти во РСМ.
- Начело на професионална етика и непристрасност и објективност – при извршувањето на работите и работните задачи, вработените во Националната агенција воспоставуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди.
- Начело на транспарентност и доверливост – вработените во Националната агенција при вршењето на работите и на работните задачи се должни да обезбедат пристап до информации од јавен карактер на начин и под услови утврдени со закон.
- Начело на одговорност – вработените во Националната агенција одговараат пред институцијата во која се вработени за последиците од нивното постапување, непостапување или одлучување, односно неодлучување, како и за квалитетот, навременото и ефикасното извршување на доверените надлежности.
- Начело на спречување на судир на интереси – вработените во Националната агенција не го доведуваат личниот и материјалниот и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси, во согласност со одредбите на законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, Водичите за

имплементирање на програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус донесени од страна на Европската комисија како и други применливи закони и подзаконски акти во РСМ.

- Начело на економично користење на средства – вработените во Националната агенција материјалните средства и опремата и другите средства за работа ги користат на економичен, разумен и ефикасен начин.

Националната агенција во антикорупциските активности го има истакнато почитувањето на Кодексот за административни службеници и законските прописи. Имено, секој службеник е потребно да има висок степен на познавање на Кодексот за административни службеници, во којшто е утврдено дека службениците не смеат да се постават во материјална или во друга зависност од граѓани или органи, не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување лична корист и имаат обврска да се спротиставуваат на сите форми на корупција во рамките на извршување на своите задачи во Националната агенција.

## 2. ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Постапките за јавни набавки во целост се спроведуваат преку електронскиот систем за јавни набавки и истите се транспарентни, како и јавно достапни за јавноста. Огласите за јавни набавки се објавуваат и на веб страницата на Националната агенција.

Планирањето на постапките за јавни набавки да се врши во законски утврден рок и на минимум да се сведат промените во годишниот план за јавни набавки.

Овластеното лице за јавни набавки како и секое вклучено службено лице во процесот на јавните набавки не смее да врши незаконско влијание во постапката за јавна набавка. Системот за јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода на основање, слобода за обезбедување на услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу еконосмките оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

Националната агенција ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со

прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и други јавни средства како и средствата добиени од европските фондови.

Во постапката за јавна набавка, договорниот орган не смее неоправдано да ја ограничува конкуренција помеѓу економските оператори. Националната агенција ги реализира постапките за јавни набавки на транспарентен начин и во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон. Националната агенција обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка.

Постапката за јавна набавка се спроведува сразмерно на предметот на набавка, особено во однос на изборот, дефинирањето и примена на условите, барањата и критериумите, кои мора да се логички поврзани со предметот на набавка.

Националната агенција цели кон професионална едукација на вработените преку одржување на обуки за надградба на знаењето, обуки за практична примена на Законот за јавни набавки и обуки за антикорупција во јавните набавки.

## 3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТНИОТ ЦИКЛУС НА ПРОГРАМИТЕ ЕРАЗМУС+ И ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС

Вработените во Националната агенција се должни да се раководат согласно Водичот за Национални агенции за имплементирање на програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус, кој се донесува секоја година од страна на Европската комисија, во кој се утврдени правила во однос на процесот на селекција на проектите и доделување на грантовите за Клучните акции од страна на Генералниот директорат за образование, млади, спорт и култура на Европската комисија, а со цел правилна примена на програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус и останати иницијативи и мрежи со кои управува Националната агенција како и управување со европските фондови. Водичот за Програмата Еразмус+ и Водичот за Програмата Европски солидарен корпус на Европската комисија се јавни документи наменети за апликантите кој ги даваат општите информации за начинот на аплицирање и детални информации за структурата на Програмата Еразмус+ и Програмата Европски солидарен корпус кои клучни акции

и активности се поддржуваат по полиња (критериуми за учество, финансиски правила, цели и приоритети за секоја клучна акција поединечно). Забрането е средствата да се користат за приватни цели или незаконски да се пренесуваат на трети лица на користење.

Овластените лица за имплементација и реализација на проектниот циклус ќе ги почитуваат начелата на стручност, одговорност, навремено и квалитетно извршување на договорите за грант склучени помеѓу Националната агенција и крајните корисници.

Корисници на програмите се: ученици, студенти, наставници, професори обучувачи и друг персонал кој е вклучен во било кој дел од образовниот процес, претпријатија и други правни лица вклучувајќи ги и трговските друштва, стопанските комори и други здруженија на правни лица од областа на индустријата, истражувачки центри и тела како и здруженија на граѓани и фондации.

Согласно годишната програма на Европската унија врз основа на која се распределуваат средствата на програмите Еразмус+ 2021-2027 и Европски солидарен корпус 2021-2027 на Европската комисија веќе од 2023 година за Република Северна Македонија за аплицирање е достапно и полето Спорт а со тоа се отворени и дополнителни полиња за аплицирање на крајните корисници следствено зголемување на бројот на апликации и нивна обработка од страна на Националната агенција.

Можноста за аплицирање на нови полиња од клучните акции на програмите Еразмус+ 2021-2027 и Европски солидарен корпус 2021-2027, понатаму иницијативите и мрежите кои ги управува Националната агенција и за кои има интенција и надлежност да ги управува, предизвикуваат дополнителени барања на обуки на крајните корисници за начинот на аплицирање и користење на Програмите

Согласно Водичот за Национални агенции за имплементирање на програмата Еразмус+ и Европски солидарен корпус на Европската комисија, процесот на селекција на проектите и доделување на грантовите заради транспарентност и праведност се врши во шест (6) фази, и тоа:

1. Техничка проверка. Во оваа фаза се проверува и потврдува техничката исправност на предлог-проекти. Истата се спроведува од одговорните лица од

Националната агенција. Резултатите се евидентираат за секој предлог-проект посебно во софтверските алатки на Европската комисија.

2. Квалитативна евалуација. Предлог-проектите се оценуваат врз основа на критериумите за квалитет дефинирани во Водичот за соодветната акција. Истата ја спроведуваат надворешни експерти - евалуатори кои се избрани на јавен повик. Проектите се рангираат според бројот на доделени бодови од страна на евалуаторите. Се прави ранг-листа на проектите кои освоиле од најголем кон најмал број бодови. Оваа фаза ќе се спроведува преку софтверските алатки на Европската комисија.

3. Доказ за постоење на организациите. Се проверуваат податоците за апликантите и нивниот ОИД (OID) бр.

4. Верификација дека нема двојно финансирање. Се потврдува дека истиот проект нема да биде финансиран од повеќе страни.

5. Евалуационата комисија го потврдува спроведувањето на процедурата и навременото извршување на сите фази.

6. Конечна одлука за доделување грант - Директорот на Националната агенција ја донесува конечната одлука за доделување на грантовите.

Улогата на надворешните експерти – евалуатори за фазата квалитативна евалуација е многу значајна пред се да се овозможи правилна, непристрастна, конзистентна и точна оценка на оценување на предлог-проекти и/или периодични и конечни извештаи како и апликации за акредитации во рамките на програмата Еразмус + (2021-2027) и Европски солидарен корпус (2021-2027) согласно со целите на акцијата и приоритетите на политиките за образование, обуки, млади и спорт. Согласно Водичот за Национални агенции за програмата Еразмус + и програмата Европски солидарен корпус Националната агенција креира база на надворешни експерти за оценување на предлог-проекти и/или периодични или конечни извештаи од одобрени проекти, како и апликации за акредитации во рамките на програмата ЕРАЗМУС ПЛУС (2021-2027) и Европски солидарен корпус (2021-2027) Главна улога на надворешните експерти е овозможување на правилна, непристрасна, конзистентна и точна оценка на оценување на предлог-проекти и/или периодични и конечни извештаи, како и апликации за акредитации согласно целите на акцијата и приоритетите на политиките за образование, обуки, млади и спорт.

Надворешните експерти треба:

- да умеат да оценуваат предлог-проекти и конечни извештаи согласно целите и приоритетите од програмата Еразмус+ и Европски солидарен корпус;
- детално да ги познаваат правилата и процедурите поврзани со акциите од програмата Еразмус + и Европски солидарен корпус објавени на веб страницата на Националната агенција;
- да бидат отворени за иновативни идеи кои би дале додадена вредност на предлог-проектите;
- да имаат аналитички вештини;
- да знаат да пишуваат извештаи за потребите на програмата Еразмус+ и Европски солидарен корпус;
- да ги почитуваат зададените рокови.

Во насока на надминување на детектираните ризични области, односно намалување на можностите и создавање неповолни услови за извршување коруптивни дела, во проектниот циклус поточно во процесот на оценување на апликациите за предлог проекти поврзани со акциите од програмите Еразмус + и Европски солидарен корпус, Националната агенција донесе Процедура за мониторинг на извршените евалуации на надворешните експерти/евалуатори за оценување на предлог-проекти и/или периодични или конечни извештаи од одобрени проекти, како и апликации во рамките на програмата еразмус плус (2021-2027) и европски солидарен корпус (2021-2027) со која се уредува постапката за мониторинг на извршените евалуации на надворешните експерти/евалуатори за оценување на предлог-проекти и/или периодични или конечни извештаи од одобрени проекти, како и апликации во рамките на програмата Еразмус плус (2021-2027) и Европски солидарен корпус (2021-2027).

## 4. ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Цел на финансиското управување и контрола е подобрување на финансиското управување заради постигнување на следниве општи цели:

- Вршење на работите на правилен, етички, економичен, ефективен и ефикасен начин,
- Усогласување на работењето со законите, другите прописи, утврдената политика, плановите и постапките,

- Заштита на имотот и другите ресурси од загуби предизвикани од лошо управување, неоправдано трошење и користење, како и од неправилности и злоупотреби,
- Јакнење на одговорноста за успешно остварување на задачите,
- Правилно евидентирање на финансиските трансакции и навремено финансиско известување и следење на резултатите од работењето.

Финансиското управување и контрола е систем на политики, процедури и активности воспоставени од раководителот на субјектот, со цел да се обезбеди разумно уверување дека целите на субјектот се остварени.

Одговорните лица за финансиско управување и контрола се директорот на Националната агенција и раководителот на сектор за финансиски прашања и овластените раководители овластени за преземање на генерални овластувања. Ex-ante финансиска контрола претставува процедура со која се обезбедува финансиската обврска да не биде преземена и расходот да не биде платен без претходно одобрување од службено лице хиерархиски независно од лицето овластено за преземање на финансиски обврски и лицето овластено за плаќање. Ex post финансиска контрола е процедура која се спроведува кај субјектот со која се обезбедува финансиските трансакции во форма на обврски, расходи или приходи да бидат проверени откако трансакцијата ќе биде целосно завршена.

Овластено лице за преземање на финансиски обврски е овластено службено лице кое може да презема финансиски обврски. Овластено лице за плаќање е овластено службено лице кое може да издава наредба за плаќање.

Финансиска дисциплина е реално буџетирање на приходите и расходите на Националната агенција, преземање на финансиски обврски согласно планираните приходи и редовно и навремено сервисирање на обврските согласно Законот за финансиската дисциплина.

## 5. ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ ПРОТИВ НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМИ

Директорот на Националната агенција има обврска да го спречува ризикот од неправилности и измами да презема дејствија против неправилности и измами како донесување на внатрешни акти за начинот и постапката за спречување на неправилности и измама. Директорот на Националната агенција назначува лице

кое ги известува за неправилности и сомнежи за измама или корупција и самостојно ги презема мерките.

Подносител на пријава може да биде секое домашно или странско физичко или правно лице и вработено или ангажирано лице како и внатрешниот ревизор во Националната агенција и доколку имаат сомнеж за сторена неправилност или сомнежи за измами или корупција во Националната агенција треба да доставаат пријава до лицето задолжено за неправилности или сомнежи за измами или корупција во Националната агенција согласно Процедура за начинот на спроведување на постапката за спречување на неправилности и измами и прием на пријави за неправилности и измами.

Ако внатрешниот ревизор кој е исто раководител на одделението за внатрешна ревизија има сомнеж за измама или корупција во текот на извршувањето на ревизијата има обврска да достави писмено известување до лицето задолжено за неправилности и сомнежи за измами или корупција.

По добиеното известување за постоење на неправилности или сомнеж за измами или корупција лицето задолжено за неправилности ги презема потребните мерки и за тоа го известува јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Министерството за финансии – Управа за финанасиска полиција и финансиската инспекција на јавниот сектор, а во рок од 15 дена за преземените мерки во писмена форма го известува лицето кое укажало на неправилности или измами, освен во случај на анонимна пријава.

На подносителите на пријавата (вработените, ангажираните лица вклучувајќи го и внатрешниот ревизор) кои пријавиле неправилност или сомнеж за измама им се обезбедува заштита на идентитетот и стекнатите права од работен однос врз основа на закон.

Секој е должен во вршењето на функцијата јавно овластување и службената должност да постапува согласно уставот и законите. Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува свесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно. Секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности. Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна

контрола. Секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно закон.

## 6. ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА АНУЛИРАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ВНАТРЕШНИТЕ ПРОЦЕСИ, СИСТЕМИ И РЕСУРСИ НА НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА.

Ризиците кои произлегуваат од внатрешните процеси, системи и ресурси на Националната агенција се под контрола на Националната агенција и обично се поврзани со неефикасности, недостатоци или слабости во нејзиното функционирање, што значи дека соодветните мерки и контроли можат да ги намалат или елиминираат. Управувањето со внатрешните ризици бара систематски пристап кој вклучува редовно оценување, мониторинг и усовршување на внатрешните процеси, процедури и системи. Ова е од суштинско значење за обезбедување на ефикасноста, ефективноста и одржливоста на Националната агенција.

Внатрешни ризици кои го доведуваат во прашање ефикасното и ефективното работење на Националната агенција се:

- Ризици поврзани со управувањето
  - Несоодветен менаџмент: неефективно раководење, или недостаток на лидерски капацитет може да доведе до слабости во донесувањето на одлуки и долгорочно планирање.
  - Промени во раководството: чести промени на менаџерски позиции можат да резултираат со недоследност во политиките и стратегиите на Националната агенција.
- Организациски ризици
  - Организациска структура: проблеми во организационата структура кои може да доведат до слаба координација и комуникација.
  - Човечки ресурси: недостиг на кадар, несоодветна распределба на работни задачи. неадекватна обука, недостиг на мотивација, и проблеми со задржување на персоналот влијаат на квалитетот на ефикасното и ефективното работење на Националната агенција.
- Финансиски ризици

- Буџетски ограничувања: Несоодветно планирање и управување со буџетот може да доведе до потреба за пренамени на средства како и недоволно финансирање за клучни активности.
- Незаконско користење на средства: Неправилно управување и не воспоставени контроли на користење на финансиските средства може да резултира со неисполнување на целите како и незаконски преземени обврски.

➢ Правни ризици

- Непочитување на регулативите: неусогласеност со законодавните и регулаторните барања може да резултира со утврдување на неправилности од надворешни контроли, и лоцирање одговорност, како и правни последици, односно судски спорови
- Договорни ризици: проблеми со управувањето на договори, непочитување на условите, или правни спорови поврзани со договорни обврски.

➢ Репутациски ризици

- Неетичко поведение и корупциски скандали: непочитување на правилата во проектниот циклус поточно во процесот на оценување на апликациите за предлог проекти поврзани со акциите од програмите Еразмус + и Европски солидарен корпус може да биде предмет на јавна критика како и соочување со мерка суспендирање на фондовите на Европската унија.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА КОРИСНИЦИТЕ И ГРАЃАНИТЕ КОН НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА И МОТИВИРАЊЕ ДА ПРИЈАВАТ КОРУПЦИЈА

Најзначајна алатка во намалувањето на борбата против корупција е мотивација на корисниците и граѓаните да пријават корупција. Одлуката на корисниците и граѓаните да се спротистават на ситуација во која за да ги остварат своите права се принудени да ги наградуваат вработените надвор од нивната службена должност е првиот чекор кон овој процес, а тоа е долготраен процес кој бара упорност, професионален однос и меѓусебна соработка со корисниците и граѓаните.

Нивото на поддршка од корисниците и граѓаните зависи од степенот на нивната меѓусебна доверба, кој пак ќе зависи од ефективноста и спроведување и извршување на своите должности, професионално, правично и чесно. Само ваквиот меѓусебен однос ќе доведе до зголемена доверба помеѓу корисниците, граѓаните и вработените во Националната агенција и општо што само по себе ќе резултира со зголемена ефикасност во постапувањето на вработените.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

Корупцијата како константна закана за стабилноста на државата потребно е во континуитет да се пресретнува и совладува со сите законски и институционални алатки како превентивен така и репресивен план. Во таа насока е зајакнувањето на меѓуинституционалната соработка и воспоставување на контакти помеѓу Националната агенција и клучните чинители задолжени за справување со корупција, со што ќе се овозможи навремена и квалитетна размена на информации и сознанија за корупција кои ќе резултираат со ефикасно санкционирање на изршителите. Потребно е јакнење на капацитетите на Националната агенција за борба против корупцијата и развивање на соработката со Државната комисија за спречување на корупција.

Борбата за корупција бара постојан ангажман на сите релеватни тела во државата кои постапуваат согласно нивните законски утврдени надлежности. Оттука, меѓуинституционалната соработка на вработените со горенаведените институции ќе биде водечка сила во борбата против корупцијата. За таа цел потребно е потпишување на меморандуми за соработка кои ќе придонесат во целосно идентификување на коруптивните елементи.

## ЈАКНЕЊЕ НА АЛАТКИТЕ ЗА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Вработените во Националната агенција при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси.

Потребно е да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност, професионалност, отчетност и транспарентност. Потребна е внимателна анализа на ризиците и на ситуациите коишто може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на службените работи, за што е потребно навремено преземање мерки за отстранување на можноста за судир на интереси и корупција.

Поаѓајки од обврската јавноста да биде информирана за работи и настани од јавен интерес за Националната агенција, преку разни комуникациски форми да се овозможува пристап до информации за сите заинтересирани страни, водејќи се од начелото на транспарентност, отчетност и недискриминација. На веб-страницата на Националната агенција со едноставен пристап ќе се најдат сите информации поврзани со нејзината работа.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Националната агенција согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во целост ги спроведува и применува сите алатки кои се предвидени со цел отчетност и транспарентност во работењето.

Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2025 година во Националната агенција се однесува на сите вработени во Националната агенција и ќе биде објавен на нејзината веб страница и на шеруван фолдер (алатка) достапен на сите вработени во Националната агенција.

Овој годишен план за проценка на ризици од корупција за 2025 година влегува во сила од денот на неговото донесување со што престанува да важи Годишниот план за проценка на ризици од корупција во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за 2024 година со бр. 01-1273/1 од 14.12.2023 година.

**директор**
**м-р Марко Ѓоргиевски**

Изготвил: Аида Пешовска-Ѓоргиевска
Одобрил: м-р Катерина Стрезовска